УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
Ул. „Крсте Мисирков" 10-А, 2000 Штип

ректор (032) 550 002
проректори (032) 550 010
генерален секретар (032) 550 003
Факс: (032) 390 700
E-mail:contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 0307-104/1
11. 12 2025 год.
Штип

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен на 11.12.2025 год. помеѓу:

1. Здружение ЕКО СМАРТ – Штип , со адреса с. Стар Караорман бб, ЕДБ 4029018521337 и ЕМБС 7293992, застапувано од дип.електро инженер проф. Тони Максимовски , како прва договорна страна и

2. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, ул. Крсте Мисирков, бр. 10А - Штип, Машински факултет, претставуван од Декан Доц. д-р Сара Сребренкоска, како втора договорна страна.

Член 1

Со овој Меморандум, договорните страни прифатија заедничка соработка која ќе ја остваруваат во рамките на нивните регистрираните дејности.

Со меморандумот се утврдува рамката меѓу двете договорни страни за работи од заеднички интерес базирани на искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови насочени кон унапредување на едукативните, истражувачки и апликативни акгивности од областа на машинството и останатите технички науки.

Договорните страни можат да ги поттикнуваат и развиваат активностите за соработка на различни начини.

Член 2

Договорните страни прифатија соработка која ќе се остварува во следните форми:

- заедничка работа на аплицирање, организирање и спроведување на развојно-истражувачки проекти реализирани преку соработка на експертски и професионални тимови;
- стручна, научна и техничка поддршка во изготвување на експертски анализи согласно на потребите на договорните страни;
- користење на инструменти и опрема согласно на потребите на договорните страни;
- взаемна размена на информации и податоци со консултативни активности;
- организирање и заедничко учество на научни и професионални состаноци, конференции, работилници, симпозиуми и други форми на образование;
- реализација на студенска пракса;
- други области од заеднички интерес заради кои се заснова соработката.

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
Ул. „Крсте Мисирков" 10-А, 2000 Штип

ректор (032) 550 002
проректори (032) 550 010
генерален секретар (032) 550 003

Факс: (032) 390 700
E-mail:contact@ugd.edu.mk
www.ugd.edu.mk

Член 3

Овој меморандум се заклучува за период од 5 (пет) години од датумот на потпишувањето. Валидноста на меморандумот автоматски се продолжува за следните 5 (пет) години, освен ако една од страните не достави до другата страна официјално писмено известување за раскинување на меморандумот 30 дена однапред пред да го раскине меморандумот.

Член 4

Меморандумот се смета за склучен со негово потпишување од неговите овластени потписници.

Член 5

Меморандумот може да се менува или дополнува и секоја измена и дополнување мора да биде доставено во писмена форма и одобрено од двете договорни страни.

Член 6

При исполнување на обврските од овој меморандум договорните страни се обврзани да работат совесно и одговорно, со примена на своите знаења, работно искуство и деловна етика со што на најдобар начин ќе се допринесе за успешно реализирање на соработката.

Член 7

Во случај на спор двете договорни страни ќе настојуваат истиот да се реши спогодбено и на пријателски начин.

Член 9

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци и секоја од договорните страни задржува по 2 (два) примерока.

Д о г о в о р н и с т р а н и

Машински факултет
Декан,
Доц. д-р. Сара Сребренкоска

здружение ЕКО СМАРТ
Управител Дип.електро инженер
проф. Тони Максимовски